# Под - стратегија за Рурален развој на Општина Пехчево
# 2008 - 2013

Декември, 2007

Овој  документ беше подготвен од страна на групата за рурален развој на општина Пехчево, во соработка со МААСП и Идеја ОК"

**Содржина:**

1. Извршно резиме

2. Под стреатегија за рурален развој во Општина Пехчево

Визија

Мисија

- Цел
- Работа
- Вредности

3. Потреба од информирање на јавноста за важноста од руралниот развој и унапредувањето на локалниот економски развој на Општина Пехчево

Основни принципи

Пристап и приоритетни области

Цели на под – стратегијата за рурален развој

Општи цели

Социјални цели

Производствени цели

Целна група

Главна целна група

Поширока јавност

4. SWOT анализа на состојбите во сферата на руралниот развој во Општина Пехчево

Анализа на јаки страни

Анализа на слаби страни

Анализа на можности

Анализа на закани

5. Финансирање на под – стратегијата за рурален развој во Општина Пехчево

6. Следење и евалуација

7. Имплементација на под – стратегијата за рурален развој во Општина Пехчево

Динамика на спроведување на под – статегијата

Обем на активности во рамките на под – стратегијата

Управивање и координација на активностите

Прилози:

- *Прилог 1* - Стратешки план за рурален развој во Општина Пехчево
- *Прилог 2* - Прашалник што се користеше при анкетирањето на руралното население

## 1. Извршно резиме

Неповолните социо – економски услови и големата стапка на невработеност во Општина Пехчево, проблемите со кои се соочуваат стопанските субјекти, руралното население и неможноста за искористување на севкупните потенцијали и ресурси, во голема мера насочуваат кон поголема граѓанска партиципација во одлучувањето и поддршката на процесот на децентрализација (особено во делот на надлежностите за рурален развој) и активности за раздвижување на бизнис климата и подобрување на животот на руралното население во преку воведување на современи модели за зајакнување на стопанските дејности во Општината.

Во контекст на одржливиот развој на Општина Пехчево, неминовна е потребата од соработка и партнерски однос на Локалната Самоуправа, НВОи, бизнис заедницата и останатите заинтересирани страни кон препознавање на културата, традиционалните занаети и туристичките потенцијали како ресурс за рурален развој и намалување на стапката на невработеност и сиромаштијата. Во доменот на руралниот развој и подобрување на животот на руралното население во Општина Пехчево, формирањето на Локална група за рурален развој и отварање на посебна канцеларија во која би работела оваа група, нуди можност за промоција на потенцијалите и поддршка на активностите кои се преземаат од заинтересираните субјекти за рурален развој во Општина Пехчево.

Заради нормативно уредување и поддршка кон организационата поставеност на оваа проблематика, посебно значајно беше донесување на Под – стратегија за рурален развој и унапредување и подобрување на животот на руралното население во руралните населени места на Општина Пехчево, како и имплементација на истата.

Општина Пехчево во соработка со Програмата за поддршка на советодавните услуги во земјоделството во Р. Македонија (МААСП), пристапи кон изработка на Под - стратегија за рурален развој. Под - стратегијата претставува интегрален дел од општата стратегија за одржлив економски развој на Општина Пехчево. Во изработката на Под - стратегијата за рурален развој применети се искуства и принципи од LEADER+ Програмата на Европската Унија (ЕУ). LEADER претставува кратенка за „Врски помеѓу руралната економија и акциите за рурален развој“.

LEADER+ е една од четирите иницијативи финансирана од структурните фондови на ЕУ и е дизајнирана да им помогне на руралните актери да ги согледаат долгорочните потенцијали на својот регион како и можностите за воспоставување на одржлив развој. Тоа е метод за иницирање и создавање на рурален развој во локалните рурални заедници. Искуството покажува дека LEADER може да направи вистински промени во секојдевниот живот на луѓето во руралните области.

За програмскиот период 2007-2013, LEADER ќе биде интегриран во целокупниот национален рурален развој во Р. Македонија. Со оваа под - стратегија ќе се поттикнат и подготват сите засегнати субјекти за еден поинтегриран пристап кон руралниот развој. LEADER програмата се базира врз принципите на градење на јавно-приватно партнерство, градење на локални капацитети, градење на мрежи и соработка, взаемни активности во рамките на земјоделството, животната средина и на пошироката рурална економија и рурална популација. Исто така карактеристика за LEADER е холистичкиот пристап за генерирање на акциите ***„bottom–up”*** (оддолу-нагоре).

Имплементацијата на LEADER пристапот и прифатените локални стратегии во руралните области се остварува преку формирани Локални Акциони Групи (ЛАГ) кои

преставуваат правен субјект. ЛАГ преставува избалансирано јавно-приватно партнерство со мултисекторска вклученост. Еден ЛАГ во својот состав ги вклучува сите релевантни локални чинители и преставници од различни социо-økономски сектори. Тие добиваат финансиска помош за имплементирање на локални развојни стратегии, преку доделување на грантови на локални проекти.

За таа цел беше формирана неформална Група за Рурален Развој (ГРР) која беше од отворен карактер и во целокупниот процес делуваше на волонтерска основа и на целосно транспарентен начин. Врз членовите на групата беше извршена серија на обуки со цел стекнување на вештини и знаења за користење на алатки и подигање на капацитетите за што подобро да одговорат на предизвиците во процесот на стратешко планирање.

Во својата шестмесечна работа во текот на втората половина на 2007 година ГРР организираше неколкукратни состаноци со месното население на избраните области со цел да ја развие свеста кај руралната популација и да обезбеди поддршка и соработка во однос на изработката на општинска Под - стратегија за рурален развој. Исто така спроведе и анкета преку изработен прашалник со цел да се генерираат податоци во однос на постоечките ресурси и потенцијали како и да се согледаат приоритетните проблеми и потреби во областа на социо-економскиот, културниот, образовниот и спортскиот живот.

Групата за Рурален Развој е формирана врз принципите на LEADER пристапот а тоа е **мулти-секторско партнерство (вмрежување) од повеќе клучни субјекти:** од локално население, јавен и приватен сектор, бизнис заедница, индустрија за храна, НВО сектор, локани политичари и др., при тоа користејќи го холистичкиот пристап ***„bottom–up”*** (оддолу-нагоре).

Под - стратегијата се содржи од Општа цел, која има 3 Стратешки цели, кои се поделени на 9 Конкретни цели, во кои се содржани 14 Програми во кои влегуваат 31 Проект.

## 2. Под – стратегија за рурален развој во Општина Пехчево

### Визија

Визијата на Општина Пехчево е до 2013 година руралните средини да имаат квалитетен и одржлив начин на живеење преку подобрени животни услови и зголемен квалитет на услугите.

### Мисија

***Цел:*** Намалување на сиромаштијата и подобрување на животните услови на локалното население во руралните средини.

***Работа:*** Остварување на целта и анимирање на јавноста преку изготвување на програми и проекти.

***Вредности:*** Развој на социо – економските и културно – историските вредности, вработување и искористување на природните ресурси

## 3. Потреба од информирање на јавноста за важноста на руралниот развој и унапредувањето на локалниот економски развој на Општина Пехчево

Потребата од информирањето и поддршката на јавноста за процесот и важноста од унапредувањето на руралниот развој како и потенцијалот за Локален економски развој на Општина Пехчево е од клучно значење за транспарентноста на долгорочниот процес како и од аспект на партиципативноста на граѓаните во процесот на одлучување.

Одржливоста на целокупниот процес на руралниот развој во руралните средини, а во тој домен и активностите што се преземаат за имплементација на Под – стратегијата, односно акциониот план за рурален развој подразбира активно граѓанско учество и затоа:

- Процесот на спроведување на Под – стратегијата за рурален развој ќе доведе до донесување на одлуки со економска тежина кои ќе имаат влијание врз животот на руралното население и врз стопанските субјекти, па според тоа, многу е важно јавноста да биде вклучена во целиот процес преку информирање за тие одлуки, причините за нивното донесување, користа од истите и трошоците за нивната реализација;
- Јасната поддршка на јавноста на целокупниот процес ќе демонстрира и повисоко ниво на запознаеност и разбирање на надлежностите на Локалната самоуправа, особено во сферата на руралниот развој и ќе придонесе за прифаќање на одговорноста за состојбите во Општината од страна на сите субјекти, соработка за општ интерес и др.

Изработката на Под – стратегијата за рурален развој во Општина Пехчево и вклучувањето на јавноста во процесот е многу значајно, односно Под – стратегиијата начелно и акциониот план конкретно, треба да ги дадат насоките во кои руралното население и стопанските субјекти, пкрај Локалната самоуправа заеднички со

преземените активности треба да придонесат за исполнување на предвидените цели и задачи.

Учеството на јавноста во донесувањето на Под – стратегијата и нејзината имплементација преку акциониот план, исто така упатуваат и на останатите акти од овој карактер донесени од страна на Локалната самоуправа, односно интеракција и надополнување на разлчните секторски заложби за одржлив развој на заедницата.

### 3.1. Основни принципи

Под – стратегијата за рурален развој во Општина Пехчево се заснова врз следниве основни принципи:

1. Процесот на донесување на Под – стратегијата за рурален развој и нејзината имплементација преку акциониот план е подготвена врз пристапот на LEADER Програмата на Европската унија;
2. Процесот донесување на Под – стратегијата за рурален развој и нејзината имплементација преку акциониот план ќе се заснива на обезбедување на прецизни и навремени информации за активностите што се планираат/спроведуваат со јасен нагласок за обврските и придобивките на руралното население, односно на граѓаните на Општина Пехчево и стопанските субјекти;
3. Освен тоа, на Под – стратегијата е свртување кон сопствените ресурси и капацитети и нивно максимално искористување, познавајќи ја во исто време реалната економска моќ на Локалната самоуправа и на руралното население, но, и на персективите и можностите за рурален развој;
4. Во реализација на целте на Под – стратегијата ќе бидат вклучени органите и институциите на Локалната самоуправа, медиумите, НВОи и бизнис секторот, заради нивно инволвирање во процесот и целосно искористување на постојниот потенцијал на знаење и сручност;
5. Под – стратегијата ќе се заснова на јасно и објективно разбирање на потребите на заедницата во овој сегмент, кои ќе се утврдуваат по пат на анкетирање на населението, согледување на состојбите на теренот и др.

### 3.2. Пристап и приоритетни области

Отпочнувањето на процесот на долгорочно планирање во Општина Пехчево со модерен и инклузивен пристап на засегнатите страни, подразбира одбирање на акциони приоритети кои ќе гарантираат најголемо влијание врз заедницата во соодност со моменталните потреби, но, од друга страна и свртеност кон можностите и ресурсите на заедницата.

Примарен фокус на активностите за стратешко планирање во областа на руралниот развој во Општина Пехчево е мобилизација на севкупните ресурси (природни, просторни, технички, кадровски и др.) заради утврдување на активностите кои ќе се во чекор со современите трендови, кои гарантираат одржливост и еволутивност, односно кои се мултиплицираат во иновативни насоки за рурален развој на заедницата. За изработка на оваа Под – стратегија е коистен пистапот на LEADER програмата на Европската унија.

Од аспект на пристапот кон процесот на донесување и суштинската реализација на целите на Под – статегијата и акциониот план за имплементација на истата, многу е значајно да се нагласи дека Под – стратегијата треба да се смета за комплементарен

дел од актите за Локален економски развој, односно Одржлив развој на Општина Пехчево.

Приоритетни области на делување на Под – стратегијата за рурален развој во Општина Пехчево се:

- Нормативно регулирање и инфраструктура (надлежности на Локалната самоуправа);
- Градење на капацитети и вклучување во процесот на донесување на одлуки на локално ниво (НВОи);
- Квалитет и квантитет на понуда (стопанските субјекти);
- Претприемништво и самовработување (граѓаните).

Неминовна е потребата од рангирање на приоритетните области, односно на предвидените активности во нивен склоп, согледувајќи ги нивните краткорочни и долгорочни цели и ефекти.

Имајќи ги во предвид ограничените појдовни финансиски и кадровски капацитети и мултиплирачкиот ефект од спроведувањето на активностите во една област и вклученоста на заедницата во процесот со растечка динамика, заради оптимално искористување на ресурсите и најголемо влијание врз заедницата, потребно е селектирање на одредени активнсти од приоритетните области кои ќе се преклопуваат во текот на реализацијата, но, и ќе претходат една на друга.

Во почетниот период од најприоритетно значење е донесувањето на нормативните акти на Локалната самоуправа и функционалното оспособување на Органот (Канцеларијата за рурален развој), кој ќе менаџира со реализацијата на активностите за рурален развој во Општина Пехчево.

Заради неопходноста од селектирање и давање на приоритет на одредени области и активности во определен временски момент во контекст на промените ки ќе ги предизвикаат, се наметнува еволутивниот пристап кон овој стратешки документ, што укажува на потребата од негово постојано натамошно ажурирање за обезбедување на континуитет сообразен со постојните состојби. Исто така, заради континуитет во реализацијата како и заради контрола и следење на имплементацијата на активностите, потребно е донесување на Годишни програми за рурален развој во Општина Пехчево со утврдени специфични цели и приоритети во склад со целите и приоритетите утврдени со овој документ.

## 3.3. Цели на Под – стратегијата за рурален развој

### 3.3.1. Општи цели

Намалување на сиромаштијата и подобрување на животните услови на локалното население во руралните средини преку следниве општи цели:

- Да се анимира територијата и локалната работна сила (локални оператори/субјекти);
- Зајакнување на капацитетите на членовите на локалната група за рурален развој за подготвување на предлог проекти од обласата на руралниот развој;
- Развивање на локалното учество и градење на партнерства со заинтересираните страни;
- Развивање на мали стопанства во руралните средини;

- Да се оддржи локалното претприемништво;
- Да се подобри менаџментот и комерцијалните капацитети на локалните фирми;
- Да се зголеми вработувањето;
- Да се заштитат природните и културните ресурси низ призмата на интегрираниот развој на територијата;
- Да се подобрат услугите за руралната популација за да се подобри квалитетот на живеење;
- Да се преквалификуваат човечките ресурси;
- Да се поддржи размената на Know-how методите и технологиите како и услугите и соработката меѓу националните и меѓународните субјекти (транс-национална соработка).

### 3.3.2. Социјални цели

- Да се промовираат иницијативи;
- Да се создадат (ресоздадат) врски;
- Да се мобилизираат човечките и финансиските ресурси;
- Да се преразгледаат и надминат традиционалните шеми.

### 3.3.3. Производствени цели

- Да се создадат нови субјекти и основни услови за рурален развој;
- Да се модернизираат структурите;
- Да се подобрат условите за производство.

## 3.4. Целна група

### 3.4.1. Главна целна група

Главна целна група на Под – стратегијата за рурален развој во Општина Пехчево се:

- Руралното население кое живее во руралните средини, вклучително и отенцеијалните туристи и посетители;
- Жителите од градот;
- Локалната самоуправа, односно локалната администрација и Советот на Општина Пехчево;
- Стопанските субјекти во руралните средини и во градот;
- НВОи од руралните средини и од градот.

### 3.4.2. Поширока јавност

Пошироката јавност како целна група на Под – стратегијата за рурален развој во Општина Пехчево ги подразбира граѓаните на Република Македонија и странските државјани (туристи), стопанските субјекти од земјата и странство кои можат да се јават како потенцијални инвеститори за руралниот развој во Општина Пехчево, медиуми, институции од сферата на културата и др.

Промовирањето на потенцијалите на Општина Пехчево и континуираните активности за привлекување на инвестиции, претставуваат објективен предуслов за одржливост на процесот на рурален развој во Општина Пехчево.

## 4. SWOT Анализа (Анализа на силни и слаби страни, можности и закани)

### 4.1. Анализа на силни страни

1. Еколошки чиста животна средина;
2. Производство на органска храна;
3. Афирмирани локални производи;
4. Негување на културата и традиционалните обичаи;
5. Изработка на домашни ракотворби;
6. Негување на традиционалните занаети;
7. Традиционална гостопримливост на населението;
8. Постоење на река;
9. Обработливо земјиште;
10. Пасишта;
11. Шуми;
12. Близина со границата на Р.Бугарија (ЕУ);
13. Соживот меѓу населението;
14. Разиено сточарство и земјоделство;
15. Разновиден шумски дивеч;
16. Разновидни шумски плодови и билки;
17. Постоење на археолошки локалитети;
18. Идеални климатски услови за развој на селски туризам;
19. Високо мотивирана заедница за развој на туризмот;

### 4.2. Анализа на слаби страни

1. Влошена екоомска состојба на населението;
2. Ограничена финансиска моќ на населението во руралните средини;
3. Ограничена финансиска моќ на Локалната самоуправа;
4. Ниско ниво на инвестиции во регионот;
5. Нечиста вода за пиење;
6. Загадена река;
7. Непостоење на речно корито;
8. Неорганизирано и несовесно фрлање на отпадни материјали;
9. Голема невработеност;
10. Неорганизирано (стихијно) производство и откуп на земјоделски и сточарски производи;
11. Недостаток од образован и стручен кадар за туризам и угостителство;
12. Недостаток од соодветна едукација на субјектите вклучени во туристичките дејности;
13. Недостаток од промотивен материјал за регионот;
14. Нестандардизирани производи;
14. Недостаток од едукација на населението за производство на органска храна и стандардизација на производите;
15. Постоење на диви депонии;
16. Недоволна запознаеност и едукација на населението за заштита на животната средина;
17. Прекумерно и несовесно искористување на шумското богатство;

### 4.3. Анализа на можности

1. Интерес за инвестиции во регионот;
2. Отварање на граничен премин кон Република Бугарија;
3. Едукација на руралното население за претприемништво и самовработување во семејни бизниси;
4. Изработка на промотивни материјали за регионот;
5. Соработка со руралните населени места од Реублика Бугарија;
6. Стандардизација на производите;
7. Брендирање на регионот и локалните производи;
8. Одржување на манифестации со традицонален предзнак;
9. Поттикнување на руралното население за производство на органски производи и традиционални ракотворби;
10. Правилно управување и искористување на шумското богатство;
11. Здружување на земјоделците и формирање на земоделски здруженија и НВОи;
12. Развој на селски, рекреативен и еко туризам;
13. Засилена промоција на потенцијалите и ресурсите во регионот;
14. Производство на здрава органска храна;
15. Зачувување и заштита на животната средина;
16. Искористување на националните и европските фондови;

### 4.4. Анализа на закани

1. Миграција на руралното население во урбаните средини;
2. Миграција на руралното население во други населени места на национално и меѓународно ново;
3. Губење на традиционалните идентитети на руралните средини;
4. Елементарни непогоди;
5. Намалување на донаторската помош за рурален развој;
6. Меѓуетничка нетрпеливост;

## 5. Финансирање на Под – стратегијата за рурален развој во Општина Пехчево

Активностите проектирани во рамките на Под – стратегијата за рурален развој во Општина Пехчево ќе се остваруваат со финансиски средства од Буџетот на Општина Пехчево.

Одреден дел од предвидените активности ќе може да се реализира паралелно и во склоп на делот за капитални инвестиции и инфраструктура од буџетот на Општина Пехчево.

Покрај буџетот, за реализација на предвидените активности, ќе бидат обезбедувани финансиски средства, техничка и експертска помош во соработка со домашни и странски институции и фондации.

## 6. Следење и евалуација

Внимателното следење на јавното мислење и поддршка на Локалната заедница кон прашањето на руралниот развој во општина Пехчево, е значаен индикатор на вклученоста на јавноста и воопшто на транспарентноста на целиот процес.

Заради следење на степенот на реализација на целите и активностите од под – стратегијата за рурален развој во Општина Пехчево, како и поради значењето на инклузијата на сите заинтересирани субјекти, ќе се формира постојан мешовит Координативен орган за следење на состојбите во сферата на руралниот развој во Општина Пехчево, во кој ќе членуваат:

- Градоначалникот на Општина пехчево;
- Претседавачот на Советот на Општина Пехчево;
- Претставници од Локалната администрација;
- Претставници од Советот на Општина Пехчево (Советници);
- Претставници од НВОи;
- Претставници од бизнис секторот;
- Претствници од Локалната група за рурален развој;
- Претставници од месното население во руралните средини.

Координативното тело, еднаш месечно, а по потреба и почесто ќе изготвува Извештај за својата работа на следење на состојбите во сферата на руралниот развој и истиот ќе го доставува до Советот на Општина Пехчево.

Евалуацијата на текот на спроведувањето и реализацијата на зацртаните цели и активности од Под – стратегијата за рурален развој во општина Пехчево ќе се спроведува на годишно ниво од страна на Советот на Општина Пехчево, врз основа на Извештајот на Координативното тело за следење и евалуација на Под – стратегијата за ррален развој во општина Пехчево, преку изработка и донесување на Годишни програми во согласност со зацртаните цели и приоритети од Под – стратегијата за рурален развој во Општина Пехчево.

## 7. Имплементација на Под – стратегијата за рурален развој во Општина Пехчево

### 7.1. Динамика на спроведување на Под – стратегијата за рурален развој

Спроведувањето на Под – стратегијата за рурален развој во општина Пехчево, се предвидува за период од 6 (шест) години, односно динамиката на спроведувањето на истата е во согласност со Годишните програми на Општина Пехчево.

Под – стратегијата за рурален развој претставува базичен документ чија имплеметација ќе трае подолг временски период и согласно на промените на состојбите, таа ќе се приспособува и ќе вклучува нови приоритети во зависност од потребите на заедницата.

### 7.2. Обем на активностите во рамките на Под – стратегијата за рурален развој

Процесот на рурален развој во општина Пехчево и реализацијата на активностите од Под – стратегијата, претставуваат составен дел од Локалниот економски развој, односно на Стратегијата за одржлив развој на Општина Пехчево.

Постигнувањето на целите од Под – стратегијата за рурален развој во општина Пехчево, претпоставува широка вклученост на заедницата и учество на јавноста во креирањето на политики на локално ниво. Соработката и координацијата на Локалната самоуправа со руралното население и останатите граѓани, е од суштинска важност за целиот процес на рурален развој во општина Пехчево.

## Управување и координација на активностите

Управувањето и координацијата на активностите, односно мониторингот на реализацијата во рамките на Под – стратегијата за рурален развој ќе ги спроведува Координативното тело за рурален развој во општина Пехчево. Главни надлежности и задачи на Координативното тело за рурален развој во Општина Пехчево ќе бидат да го координира и насочува целиот процес преку застапување на општиот интерес, обезбедување на материјална и друг вид на поддршка, развивање на соработка со институции, организации, правни и физички лица, грижа за постојан напредок на целокупниот процес и изготвување на Извештај за постигнатите резултати.

*Прилог 1* **- Стратешки план за рурален развој во Општина Пехчево**

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Стратешка цел 1** | Зајакнување на капацитетите на членовите на локалната група за рурален развој за подготвување на предлог проекти од обласата на руралниот развој | **Стратешка цел 2** | Развивање на локалното учество и градење на партнерства со заинтересираните страни | **Стратешка цел 3** | Развивање на мали стопанства во руралните средини |
| **Конкретна цел 1** | Формирање на формални групи и субјекти создадени од јавната и локалната администрација и приватниот сектор | **Конкретна цел 1** | Анимирање и зголемување на свесноста на руралното население за руралниот развој | **Конкретна цел 1** | Надградба на капацитетите и знаењата на населението од руралните средини за развој и унапредување на селскиот туризам и заштита на животната срдина |
| **Програма 1** | Градење на партнерства помеѓу јавната и локалната администрација и приватниот сектор | **Програма 1** | Идентификација на сопствените можности и капацитети | **Програма 1** | Промоција на селскиот туризам |
| ***Проект 1*** | *Спроведување на обуки на тимот за тимско работење* | ***Проект 1*** | *Организирање на тематски настани за промоција на поволни кредитни линии* | ***Проект 1*** | *Адаптација на селски куќи за примање и сместување на туристи* |
| ***Проект 2*** | *Спроведување на обуки на тимот за Проектен циклус и Стратешко планирање* | ***Проект 2*** | *Кампања за промоција на самовработување и семејни бизнизи* | ***Проект 2*** | *Изработка на промотивен материјал* |
| **Програма 2** | Размена на искуства и добри практики | **Програма 2** | Подобрување на локалната инфраструктура | **Програма 2** | Подобрување на селската инфраструктура во контекст на развој на селскиот туризам |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| ***Проект 1*** | *Организирање и одржување на саем на локални традиционални производи* | ***Проект 1*** | *Изградба на системи за одведување на отпадни води* | ***Проект 1*** | *Изградба/ реновирање на селски чешми* |
| ***Проект 2*** | *Студиска посета на тимот на блиски формални групи за развој на руралниот туризам од други општини или држави* | ***Проект 2*** | *Изградба на системи за прочистување на отпадните води* | ***Проект 2*** | *Изградба/ реновирње на мали селски мостови* |
| **Конкретна цел 2** | Зголемување на вештините и компетенциите на членовите од групата за рурален развој за подготовка на предлог проекти од областа на руралниот развој и Локална Агенда 21 | **Конкретна цел 2** | Развивање на капацитетите и унапредување на соработката со субјекти на национално и меѓународно ниво во насока на руралниот развој (размена на искуства и добри практики) | **Конкретна цел 2** | Надградба на капацитетите и знаењата на населението од руралните средини за производство на органско производство и стандарди за квалитет |
| **Програма 1** | Зачувување на биодиверзитетот | **Програма 1** | Подобрување на соработката со државните институции | **Програма 1** | Надградба на знаењата за ЕУ стандардите од областа на органското производство |
| ***Проект 1*** | *Изградба на водопоила* | ***Проект 1*** | *Поддршка на кампањата за регистрирање на индивидуален земјоделец* | ***Проект 1*** | *Обука на руралното население за ХАССП* |
| ***Проект 2*** | *Чистење на речните корита и дивите депонии во селските населени места* | ***Проект 2*** | *Дисеминација на информации за тековни проекти и субвенционирање на индивидуалните производители* | ***Проект 2*** | *Обука на руралното население за ЕУРЕПГАП* |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Програма 2** | Намалување на невработеноста и спречување на миграцијата | **Програма 2** | Подобрување на соработката со субјекти и институции на локално/регионално ниво | **Програма 2** | Поддршка на локалните производи, традиција и култура |
| ***Проект 1*** | *Организирање на курсеви за руралното население за изучување на англиски јазик и компјутерски вештини* | ***Проект 1*** | *Промовирање на Советодавни пакети од областа на земјоделието во руралните населени места* | ***Проект 1*** | *Промоција на локални традиционални производи* |
| ***Проект 2*** | *Ангажирање на невработени лица од руралните населени места во активности за изведување на јавни работи* | ***Проект 2*** | *Подготовка на проектна техничка документација за поддршка на проекти во подготовка од областа на руралниот развој* | ***Проект 2*** | *Промоција на локални домашни рачни ракотворби* |

***Прилог 2 -*** Прашалник што се користеше при анкетирањето на руралното население

## ПРАШАЛНИК ЗА РУРАЛЕН РАЗВОЈ ЗА НАСЕЛЕНИЕТО ОД М.З.

**Групата за Рурален Развој го дистрибуира овој прашалник до сите заинтересирани страни, со цел да се соберат информации кои се неопходни за креирање на Под-стратегија за Рурален Развој на Општина Пехчево.**

**СЕЛО (М.З.)________ ________________________________________________________**

| | |
|---|---|
| **ИМЕ и ПРЕЗИМЕ** | |
| **ВОЗРАСТ** | |
| **ПОЛ** | |
| **ОБРАЗОВАНИЕ** | |
| **ЗАНИМАЊЕ** | |
| **ИЗВОР НА ПРИХОДИ** | |

| **1. Во кои области би сакале да се развива Вашето место ?** | | | |
|---|---|---|---|
| приватен бизнис сектор | | спортски туризам | |
| развиено поледелство | | занаетчиство - стари занаети | |
| развиено сточарство | | производство на сувенири | |
| производство на здрава храна | | култура | |
| селски туризам | | ... | |

| **2. Кои се вистинските можности (потенцијали) за развој на Вашето село ? (обележете со X)** | | | |
|---|---|---|---|
| млада работна сила | | приватен бизнис сектор | |
| едуцирани кадри | | развиено поледелство | |
| здружение на жени | | развиено сточарство | |
| здружение на земјоделци | | јавни објекти | |
| здружение на млади | | производство на здрава храна | |
| други здруженија | | сместувачки капацитети за туристи | |
| културно уметничко друштво (КУД) | | спорт (летен/зимски) | |
| невладини организации (НВО) | | | |
| добра поврзаност со градот | | | |

| **3. Со кои природни ресурси располага Вашето село?** | | **4. Со кои социо-економски ресурси располага Вашето село?** | |
|---|---|---|---|
| извори на минерална вода или природен гас | | здравствена заштита (амбуланти) | |
| реки | | образование (школи) | |
| езера | | мало стопанство (фирми) | |
| планина | | фабрика / поголемо претпријатие | |
| шуми | | туристички објекти | |
| пасишта | | занаети | |
| необработено земјиште | | спортски клубови | |
| обработливо земјиште | | спортски терени / објекти | |
| рудни богатства | | културно уметнички друштва (КУД) | |
| незагадена околина | | невладини организации (НВО) | |
| археолошки наоѓалишта | | | |
| близина на граница | | | |
| близина на национален парк | | | |

**5. По што е карактеристично (познато) Вашето село?**

| |
|---|
| |

| |
|---|
| |
| |
| |

**6. Според Ваше мислење, што е најважно за развојот на Вашето село?**

| |
|---|
| |
| |
| |
| |

**7. Кои се најголемите можности и силни страни на Вашето село? Со што вие може навистина да се пофалите?**

| |
|---|
| |
| |
| |
| |

**8. Кои се најголемите недостатоци и слабости на Вашето село?**

| |
|---|
| |
| |
| |
| |

**8.а. Наведете конкретни потреби за помош.**

| **Потреба за помош во областа:** | **Каква?** | **Придонес на селото – Со што?** |
|---|---|---|
| Образование | | |
| Култура | | |
| Спорт | | |
| Животна Средина | | |
| Дополнителни Обуки | | |

**9. Како ја гледате иднината на Вашето село?**

| |
|---|
| |
| |
| |
| |
| |

**10. Дали би сакале да се вклучите во работата на Групата за Рурален Развој?**

| | |
|---|---|
| ДА | НЕ |

**11. Доколку се вклучите во работата на Групата за Рурален Развој, како и во која област би можеле да дадете најголем придонес?**

| |
|---|
| |
| |
| |
| |
| |

Ви благодариме на соработката .